ЛУЛУДИ
Ромска Асоцијација за Жени и Млади
Romani Asocijacija Dzuvljenge thaj Ternenge
Roma Women and Youth Association

ROMA YOUTH WORKERS
for vibrant civil society

OSVIT
UDRUŽENJE ROMKINJA




# РЕГИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРЦЕПЦИИТЕ И СТАВОВИТЕ НА МЛАДИТЕ РОМИ ВО ОДНОС НА РОДОВА (НЕ) ЕДНАКВОСТ, МЛАДИНСКО УЧЕСТВО, ДИСКРИМИНАЦИЈА И АНТИЦИГАНИЗАМ

со посебен фокус на Република Северна Македонија и Република Србија

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Erasmus+
Enriching lives, opening minds.

Автор: Кјмет Амет
Ко-автор: Ана Сакиповиќ
Уредници: Фикрија Таир, Инес Џемаил
Графичко уредување: Роберт Рустем
2023

**2022-3-MK01-KA210-YOU-000100744**

---

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.

Funded by
the European Union

# РЕГИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРЦЕПЦИИТЕ И СТАВОВИТЕ НА МЛАДИТЕ РОМИ ВО ОДНОС НА РОДОВА (НЕ)ЕДНАКВОСТ, МЛАДИНСКО УЧЕСТВО, ДИСКРИМИНАЦИЈА И АНТИЦИГАНИЗАМ

со посебен фокус на Република Северна Македонија и Република Србија

Скопје, 2023

# Содржина


За проектот 06

Краток преглед на правна и институционална рамка 10

Методологија 14

Наоди 15

Препораки 20

Заклучок 22

Користена литература 24

# Вовед

Овој извештај има за цел да ги согледа перцепциите, ставовите и нивото на знање на младите Роми на прашања поврзани со родовата (не)еднаквост, дискриминација и антициганизам, при тоа ги идентификува предизвиците и потребите на младите Роми и нуди препораки кои би воделе кон унапредување на фактичката состојба кај младите, а и генерално на општеството. Документот е подготвен во рамки на проектот „Ромски младински работници за вибрантно граѓанско општество“.

## За проектот

„Ромски младински работници за вибрантно граѓанско општество“ е едногодишен проект кој започна со имплементација од јануари 2023 година. Фокусот на проектот е зајакнување на капацитетите на младинските работници за промовирање на родовата еднаквост, антидискриминација и борба против антициганизмот преку нивно зајакнување на капацитети и поттикнување активно вклучување и создавање платформа за соработка меѓу ГО, градење инклузивно вибрантно, демократско и правично општество каде заеднички се покренуваат антидискриминаторски и родово-сензитивни прашања.

Главната цел на проектот е да се зајакнат капацитетите на младинските работници во женските ромски организации за поголемо влијание врз учеството на младите Роми во демократските процеси. Специфичните цели на проектот се: **1) Зајакнати капацитети на ромските младински работници на темите родова еднаквост, дискриминација, антициганизам**, и **2) Зголемено учество на младите Роми за поттикнување локален одговор за справување со родовата нееднаквост, дискриминација и антициганизам**.

Главен носител на проектот: Ромска асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ“, Скопје, Р.Северна Македонија. Партнери на проектот: Здружение на жени Ромки „ОСВИТ“, Ниш. Р. Србија. Проектот „Ромските младински работници за вибрантно граѓанско општество“, (2022-3-MK01-KA210-YOU-000100744) е финансиски поддржан од Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност во Македонија, во рамки на Еразмус+ програмата на Европска унија.

# Проектни
# Активности и Резултати



## 1. Тренинг за градење на капацитети на младински ромски работници

Спроведена 5-дневна обука за 12 ромски младински работници од Р.Северна Македонија и Р.Србија со цел зајакнување на нивните капацитети на следните теми: Родова еднаквост – што е и зошто е важна за општеството; Дискриминација – што е дискриминација и како можеме да дејствуваме против дискриминацијата; Антициганизам – изучување на концептот на антициганизам; Дигитални алатки – употреба на дигитални (ИТ) алатки при работа со млади, особено за организирање и спроведување кампањи и едукација; Фокус групи како алатка за прибирање податоци.



## 2. NEWS FLASH средби

По обуката младите имаа последователни состаноци како континуитет и можност за размена на информации, споделување мислења, искуства и предизвици во текот на спроведувањето на активностите и зададените задачи.

# Проектни
# Активности и Резултати





## 3. Спроведување фокус групи со млада ромска популација

12-те младински ромски работници по тренингот спроведоа 8 фокус групи со 51 млади Роми од локалната заедница со поддршка на ангажирани ментори кои ги водеа во процесот на подготовка, организирање и спроведување на фокус групи со цел идентификување на актуелните потреби и проблеми, и креирање препораки за превенција и решавање на веќепостоечките проблеми.

## 4. Известување од прибрани податоци од спроведени фокус групи

Креирани два национални извештаи на земјите партнери од спроведените фокус групи и еден регионален извештај кој дава слика за нивото на знаење, перцепции и потреби на локалната младинска заедница, поточно на младата ромска заедница во однос на родовата еднаквост, родовите стереотипи, дискриминацијата и антициганизмот.

# Проектни
# Активности и Резултати





### 5. Кампања за подигнување на свеста

Креирани 4 едукативни и информативни видеа во рамки на Кампањата за подигнување на свеста. Кампањата е дистрибуирана на македонски, ромски, српски и англиски јазик преку различни дигитални алатки, социјални медиуми и традиционални медиуми во Македонија и Србија

**https://shorturl.at/dtuJ7**

### 6. Завршен настан: Конференција за презентирање на резултати и постигнувања

Регионална конференција одржана во Скопје со учество на околу 50 учесници од локалната заедница, претставници од институции, граѓански организации, медиуми. На завршниот настан проектните партнери и групата на млади го презентираа проектот и резултатите од спроведените активности, воедно презентирање на подготвените извештаи и препораките од извештаите, споделување на лични искуства, добри практики и иницијативи од страна на младите.

# Краток преглед на релевантна правна и институционална рамка

## Република Северна Македонија

Од 1991 година, Ромите се признати како заедница во Уставот на Република Северна Македонија. Во изминатиот период, Република Северна Македонија усвои две Национални Стратегии за Роми[1], првата беше за периодот 2005-2015, а втората за периодот 2016-2020. Воедно, беа донесени и Националните Акциски Планови (НАП) за сите приоритетните области[2]. И покрај спроведувањето на двете национални стратегии, извештаите на Европската комисија, граѓанските организации и заедницата, укажуваат на потребата од забрзано спроведување на јавни политики и имплементирање на активности кои директно ќе се насочат кон поддршка и подобрување на положбата на ромската заедница во општеството. Во 2022 година беше донесената третата Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030[3] заедно со Националните акциски планови во седум области при што за прв пат беше усвоен НАП за антициганизам[4].

Со законот за спречување и заштита од дискриминација[5] донесен во 2020г., се прошириja основите и подобро се дефинираа поимникот и дефиницијата за дискриминација. Новиот Закон предвидува и соодветни промени во поглед на судската заштита. Со Законот е воведена тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес со што граѓанските организации или неформални групи или други организации од граѓанското општество, и неформални групи кои имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група имаат можност да поднесат тужба. Со ова се укина потребната писмена согласност од странките доколку се работи за група и здруженијата имаат право да поднесуваат тужби доколку го докажат својот интерес, а не како со претходниот Закон да учествуваат единствено како сопарничари во постапката. Товарот на докажување со новиот закон преминува на тужениот кој треба да докаже дека не постои дискриминација и во судската постапка и во постапката пред Комисијата.

1 Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020.Достапно на: https://bit.ly/3RG6rrR и Стратегија за Ромите во Република Македонија 2005-2015. Достапно на: https://bit.ly/41Ne6t5
2 Стратегија за Ромите во Република Македонија 2005-2015. Достапно на: https://bit.ly/41Ne6t5
3 Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030. Достапно на: https://bit.ly/3TPdEsa
4 Национален акциски план за антициганизам. Достапно на: https://bit.ly/47gzqZg
5 Службени лист РСМ, бр. 258. Закон о заштити од дискриминације. Доступно на: https://bit.ly/3tpIAos

Се воведоа нови докази во постапката за дискриминација: статистички податоци и ситуационо тестирање. Законот ги ослободува од судски трошоци лицата кои ќе поведат судска постапка за заштита од дискриминација. Со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација се обезбедуваат подобри механизми, мерки и активности за правна заштита, а воедно се исполнува и обврската на земјата за усогласување на националното законодавство со европското, кое е неопходно за исполнување на условите за почеток на преговорите за членство во ЕУ. Дополнително, во април 2022 година донесена е и Национална стратегија за еднаквост и дискриминација 2022-2026[6], која се надоврзува со претходната Стратегија 2016-2020, со што продолжува посветено да ги спроведува обврските преземени со ратификацијата и пристапувањето кон меѓународните конвенции и договори во областа на човековите права и слободи, врз основа на начелото на недискриминација.

Со цел да придонесе кон унапредување на состојбите на еднаквост, правичност и инклузивност, еднаквост меѓу мажите и жените, вклученост на разните идентитетски, културни, етнички заедници и ранливи или маргинализирани групи во општеството, Владата на Република Северна Македонија на својата 162 седница ја усвои Националната Стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам[7]. Стратегијата опфаќа седум области кои имаат клучно значење за интеркултурализмот, односно правна рамка, образование, медиуми, култура, општествена кохезија, млади и локална самоуправа каде што се дефинирани и тематските акциски планови. Законот за еднакви можности на жените и мажите[8] со кој се унапредува законската рамка во делот на еднаквите можности и се заокружува усогласеноста на националното законодавство со директивите 2000/78/ЕЗ, 2002/73/ЕЗ, 2004/113/ЕЗ. Законот целосно ги уредува прашањата во врска со воспоставувањето на еднаквите можности и еднаков третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности, правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување еднакви можности, постапката за утврдување на нееднаков третман на жените и мажите. Врз основа на член 9 став (3) од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Собранието на Република Северна Македонија ја донесе и Стратегијата за родова еднаквост 2022 - 2027[9] како сеопфатна рамка со активности за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените. Стратегијата се однесува за период од шест години и е четвртиот стратешки документ во оваа област.

6 Национална стратегија за равноправност и дискриминацију 2022-2026. Доступно на: https://shorturl.at/gFLOU
7 Стратегија за развој концепта једног друштва и интеркултурализма. Доступно на: https://bit.ly/3REK9H8
8 Службени гласник РСМ бр. 6. Закон о једнаким правима жена и мушкараца. Доступно на: https://bit.ly/4aFlUBm
9 Стратегија родне равноправности 2022-2027. Доступно на: https://shorturl.at/blvK7

## Република Србија

Ромската заедница во Република Србија има статус на национално малцинство со кое се гарантираат колективните и индивидуалните права и слободи кои се во согласност со српскиот Устав, вклучувајќи ги и домашните закони и меѓународните договори за човекови права. Покрај општите документи како што се законот за антидискриминација, соодветните секторски закони и политики (на пр. во образованието или вработувањето), Србија има развиено специфични политики за ромската заедница, особено Стратегијата за социјална инклузија на Роми и Ромки за период 2022-2030 година[10]. Самата стратегија има седум приоритетни сектори – борбата против антициганизмот и дискриминацијата, намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, промовирање на учество преку зајакнување, соработка и доверба инклузивно образование, квалитетно и одржливо вработување, квалитетна здравствена грижа и социјални услуги, адекватно десегрегирано домување. Со Законот за национални совети на националните малцинства[11] на малцинствата кои се признаени им се овозможува да изберат Национален совет кој може да учествува во процесите на донесување одлуки кои се однесуваат на нивното право на образование, култура, информации и официјална употреба на јазикот и азбука. Ромите, како и Египќаните и Ашкалиите, имаат свои национални совети. Со измените од декември 2012 година во Кривичниот законик мотивот на омраза се воведе како посебна отежната околност за изрекување казна кога кривичното дело е сторено со пристрасен мотив[12]. Освен ова, Кривичниот законик веќе содржи кривични дела кои во себе вклучуваат пристрасен елемент: поттикнување национална, етничка или верска омраза и нетрпеливост (член 317), расна и друга дискриминација (член 387), повреда на угледот на нација, национална или етничка група (член 174). Сепак, изнесени се одредени критики за празнините во Кривичниот законик[13]. Законот за забрана на дискриминација[14] е донесен во 2009 година и е усогласен со европските стандарди. Сепак, потребни се мали измени за да бидат целосно усогласени со acquis. Беше формирана канцеларијата на Народниот правобранител како независно тело задолжено за спроведување на одредбите од Законот за антидискриминација во однос на правата за еднаквост.

10 Службен весник РС, бр. 30/18. Достапно на: https://bit.ly/47j0VkX
11 Службен весник на РС, бр. 72/09, 20/14 и 55/14. Достапно на: https://bit.ly/3NKvWHp
12 Службен весник на РС, бр. 121/12.
13 Извештај на Европската комисија против расизмот и нетолеранција за Србија (петти циклус на мониторинг), 2017 година. Преземено на 14 јуни 2017 година од. Достапно на: https://bit.ly/3TEusCb . ЕКРН, на пр. покренува дека „поттикнување на насилство не се споменува и недостасуваат основите на бојата на кожата, јазикот, државјанството, етничкото потекло, сексуалната ориентација и родов идентитет".
14 Службен весник на РС, бр. 22/09. Достапно на: https://bit.ly/48d7QNz

Законот за забрана на дискриминација ги дефинира облиците и случаите на дискриминација како и методите на заштита од нив. Воедно, препознава два вида на дискриминација – директна дискриминација и дискриминаторско влијание или ефект, и воведе обратен товар на докажување, така што е одговорност на обвинетиот да приложи докази за неповредување на принципот на еднаквост[15]. Законот за информации од јавен карактер забранува емитување идеи, информации и мислења кои поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство врз лице или група врз основа на нивната расна, етничка, верска припадност, пол или сексуална ориентација, без разлика дали е сторено криминалното дело (член 37)[16]. Сепак, нема да се смета за говор на омраза доколку таквите информации се објавени без намера да се поттикне дискриминација, омраза или насилство, особено ако таквите информации се дел од објективен медиумски извештај (член 40, параграф 1). Во 2009 година, Република Србија го ратификуваше дополнителниот протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал, во врска со криминализацијата на дела од расистичка и ксенофобична природа извршени преку компјутерски системи[17].

Законот за родова еднаквост[18] беше усвоен во мај 2021 година и го замени претходниот Закон за еднаквост меѓу половите. И покрај тоа што беше прогресивен во времето на неговото донесување во 2009 година и пофален од експертите како еден од подобрите закони за спречување на дискриминација во Србија[19]. Законот за еднаквост меѓу половите беше критикуван од граѓанското општество, независните државни институции за човекови права и меѓународните чинители дека не се усогласени со правото на ЕУ[20] како и меѓународните стандарди за родова еднаквост; исто така дека, во пракса, тој имаше мал ефект врз подобрувањето на родовата еднаквост. Низ годините, беа подготвени неколку нацрти на Законот, а Владата беше жестоко критикувана за одложување на донесувањето[21]. Во 2021 година, Националното собрание конечно го усвои новиот предлог-закон кој стапи во сила на 1 јуни 2021 година, кој ги отстрани недостатоците на претходниот закон и е значително посеопфатен[22]. Сите одредби кои се однесуваа на судската заштита при родова дискриминација беа отстранети од овој закон, со оглед на тоа што Законот за антидискриминација како чадор закон, особено со последните измени, обезбедува холистичка судска заштита од дискриминација.

15 Доверба за еднакви права. Национални закони за антидискриминација на Србија. Достапно на: https://bit.ly/3RHm1U9
16 Службен весник на РС, бр. 43/03, 61/05, 71/09, 89/10. Достапно на: https://bit.ly/4aFOfHo
17 Службен весник на РС, бр. 19/09. Достапно на: https://bit.ly/486nlHb
18 Службен весник на РС, бр. 52/2021. Достапно на: https://bit.ly/41MNusk
19 Доверба за еднакви права, еднаквост во пракса, спроведување на законите за еднаквост на Србија, Лондон, 2019 година, стр.69-71. Достапно на: https://bit.ly/3TJYB3i
20 Ibid. стр. 69
21 Европска комисија, Извештај за напредокот на Србија 2020 година. Достапно на: https://bit.ly/3vjZ6qz
22 Законот за родова еднаквост има 77 членови односно 20 членови повеќе од претходниот Закон за еднаквост меѓу половите

# Методологија

Во септември 2023 година, Ромска асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ“ и Здружението на жени Ромки „Освит“ заедно со групата на ромски младински работници, спроведоа студии користејќи квалитативна методологија. Двете организации спроведоа по четири фокус групи во своите земји, вкупно осум фокус групи.

Четирите фокус групи во Република Северна Македонија беа спроведени со вкупно 26 учесници од различни општини на ниво на Скопје и тоа: Шуто Оризари, Чаир, Центар, Кисела вода, Гази Баба, Ѓорче Петров. Секоја фокус група се одржа во времетраење од 90 до 120 минути, и во секоја една учество земаа од 6 до 7 учесници, поделени пропорционално според пол, возраст и досегашно искуство во граѓанскиот сектор како граѓански активисти. Вкупен број учесници се 26 лица од ромска етничка припадност на возраст од 16 до 32 години, од кои 16 од женски пол, а 10 од машки пол.

Според етничка припадност, сите учесници беа Во Република Србија беа спроведени четири фокус групи во три општини, две фокус групи беа спроведени во Ниш, а по една во Алексинац и Житковац. Фокус групите беа составени врз основа на учесниците кои за прв пат се вклучија во овој тип на истражување и оние кои претходно имаа учествувано во проекти за активизам. Вкупниот број на учесници изнесуваше 25 лица на возраст од 15 до 30 години, притоа 17 од женски пол и 8 од машки пол.

Фокус групите беа водени од страна на младинските работници, менувајќи ги улогите на фасцилитатор и ко-фасцилитатор . Целиот процес се водеше под менторство и надгледување од страна на ангажираниот ментор. Истите, се водеа и според претходно подготвениот Водич за организирање и спроведување на фокус групи, исто така подготвен од страна на менторот. Како дел од подготовките за реализација на фокус групите, менторот подготви анкетен прашалник кој содржеше 13 отворени и затворени прашања. Поделени во три сегменти согласно опфатените теми: родова еднаквост, дискриминација и антициганизам. Учесниците имаа можност да одговорат на прашањата  усно или во писмена форма, и по секое прашање се одвиваше дискусија.

# Наоди

## Вклученост на младите Роми

Кај учесниците на фокус групите од Р.Северна Македонија дискусијата разви засебна тема која беше поврзана со младинското учество. Според заклучоците од дискусиите кај учесниците преовладува ставот дека поголем дел од младите се пасивни во преземање на активности да бидат вклучени во општеството на различни теми кои ги засегаат нив или мнозинството граѓани. Само многу мал дел од младите преземаат самоиницијативност за вклучување во граѓански организации, инцијативи, младински клубови, сојузи и слично, како и иницирање на решавање на одредени прашања, покренување на активности, младински акции и движења за покренување на младинскиот активизам и позитивни промени со цел подобрување на состојбата и можностите на младите. При што и од самите учесници на фокус групите одржани во Македонија, дури 19 не се активни односно не се дел од граѓански организации и младински клубови. Според истакнатото како причини за пасивноста и недоволниот младински активизам од страна на младите Роми се наведуваат: недостигот на ромска младинска организација, недостигаат младински граѓански организации и клубови кои биле активни, одржливи, транспарентни, организации кои ќе имаат иновативност, а притоа ќе понудат и финансиски стимул за младите.

## Препознавање на дискриминација, искуства, дискриминаторски практики и нивна превенција

Младите Роми од Република Северна Македонија биле жртви на дискриминација при што истакнале дека најчесто се соочуваат со дискриминација во различни сегменти и области во животот, истакнувајќи ги образованието, вработувањето и здравството. Дополнително, сметаат дека Ромите многу почесто се соочуваат со дискриминација за разлика од останатите етнички заедници, при што дискриминацијата врз Ромите најчесто е повеќекратна.
Учесниците на фокус групите во Ниш и Житковац, Република Србија согласно истакнале дека доживеале некаква форма на дискриминација за разлика од учесниците од Алексинац каде повеќето од учесниците не доживеале лично дискриминација, но се свесни за постоењето на дискриминација.
Врз основа на сите фокус групи спроведени во двете земји, може да се дојде до заклучок дека поголемиот дел од младите препознаваат што е дискриминација, но тоа знаење е

површно, при што се соочуваат со предизвик во препознавање на видовите на дискриминација, постоечки заштитни механизми и тела во државата, како и кои се чекорите и начините за заштита и пријавување. Во голем дел учесниците ја препознаваат дискриминацијата како поим ја поистоветуваат со неубави работи, малтретирање, лошо однесување кон некого (кон лицето кое се дискриминира), прекршување или ограничување пристап до одредено право или ограничување на други луѓе врз основа на нивните колективни идентитети (пол/род, класа, етничка припадност).

„Јас често пати знам да бидам дискриминиран. Лично многу пати се соочив со дискриминација. На пример, би сакал да го кажам случајот кога се запишав на факултет. Се запишав прва година на Правен факултет, и мене ми требаше три месеци да се прилагодам со мојата група, односно буквално кога влегував на предавања во амфитеатарот седев од левата страна на вториот ред сам и позади мене немаше никој, пред мене евентуално еден до двајца да седнат кои не се дружеа, а мене фактички ме одбиваа бидејќи јас сум бил Ром, сум бил црн и сум бил лошиот поради што не сакале да зборат со мене."

Изјава на учесник од Р.С.Македонија

Поголемиот дел од младите Роми од Република Северна Македонија се запознаени со дел од постојните механизми и начини за пријавување на дискриминација, но не ги познаваат формите на дискриминација, како што се полова, вознемирување, итн. При што единствено ги препознаваат граѓанските организации, ромските активисти и дел од ромските медиуми како начин за пријавување на случај на дискриминација. Помалку од половина од учесниците се изјаснија дека само слушнале дека постои закон за заштита од дискриминација, само 7 од учесниците спомнаа дека може да се пријави со претставка до одредени државни тела како Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на Република Северна Македонија (КСЗД) и Народен правобранител, 2 од учесниците го спомнаа и Министерството за правда како можна институција каде може да се пријави случај на дискриминација.

Учесниците на фокус групата од Алексинац, Република Србија во делот за пријавување на дискриминација споделија неколку начини, вклучително информирање на нивните родители, разговор со наставниците на училиште, информирање на стручните служби. Но, беше истакнато дека до оваа дискусија не слушнале дека постои комесар за заштита на еднаквоста. Еден од учесниците од Ниш, Република Србија сподели дека генерално постои недоверба во институциите

вклучувајќи го и Комесарот за еднаквост, истакнувајќи дека се забележува дека дискриминацијата сè повеќе добива националистичка природа, што може да доведе до значителни проблеми. Друг учесник од Ниш сподели позитивно искуство од пријавување на дискриминација.

> „Мислам дека луѓето се плашат да пријават дискриминација. Мислам дека знаат дека им е нарушено некое право, меѓутоа поради околностите во кои што живеат, дали им зависи платата или да се поврзани со некоја политичка партија, па се плашат да не им се ускрати одредено право како социјално, гарантирана минимална парична помош, или други некои права. Тие мислат дека ако се побунат за некој таков случај, за нивното дете или за нив, дека ќе ги изгубат тие права или дека ќе ги избркаат од работа"
>
> Изјава на учесник од Р.С.Македонија

Заклучокот кој произлезе на ова прашање е дека учесниците делумно ги познаваат механизмите и начините да пријават дискриминација како и законските регулативи, но сметаат дека спроведувањето на самите закони не успева и покрај тоа што беа споделени неколку успешни случаеви на пријавување на дискриминација до соодветните институции, довербата на младите кај институциите е на многу ниско ниво.

## Антициганизам

Само неколку од учесниците на фокус групите во Република Србија и Република Северна Македонија слушнале за терминот „антициганизам", но не се запознаени во целост со неговото значење, додека поголем дел од учесниците никогаш претходно не слушнале за овој термин. При што, во неколку наврати погрешно се изедначува концептот на „антициганизам" со дискриминација, сметајќи го за синоним и во двете држави.

Учесниците од Република Северна Македонија сметаат дека антициганизмот треба да биде законски регулиран, како што е регулиран говорот на омраза. Сметаат дека со законско решение ќе се воведе систем на заштита и превенција, како и соодветно казнување при секое несоодветно однесување. Како еден добар пример и пракса беше посочена Шпанија која го има регулирано антициганизмот во нивниот правен систем.

„Пред неколку години имавме ситуација во ромската махала во Белград каде таксистите одбиваа да не превезат. Во една прилика, јас и мојот партнер (кој не е од ромска националност) повикавме такси во градот за да патуваме до моето село. Меѓутоа, откако ја слушна адресата, возачот одби да не вози. Веднаш го пријавив инцидентот во полиција, а следниот ден до комесарот за заштита на еднаквоста и медиумите. За среќа, се приклучија и други ромски активисти, што доведе до дополнителни поплаки за такси здружението во Ниш. По краток период, ситуацијата се нормализира. Случајот на крајот отиде на суд, а во судот сведочеше и мојот пријател со мене. За среќа, случајот имаше успешен исход. Морав да се борам на суд за да докажам дека тоа е навистина дискриминација, бидејќи судијата првично се двоумеше да ја категоризира како таква“

Изјава на учесник од Р.Србија

## Родова еднаквост

Поголем дел од учесниците од фокус групите во двете земји истакнаа дека мажите и жените се разликуваат според нивните биолошки карактеристики и физичка подготвеност, но исто така има и' разлики кои ги наметнува општеството како што се поделбата на домашните обврски и разликите во карактеристиките на мажите и жените во одлуките за нивно кариерно насочување. Од дискусиите во двете земји произлезе темата дискриминација при вработување и нееднаквоста помеѓу мажите и жените при вреднување на трудот, како и поделбата на т.н. „машки и женски професии“. Во оваа насока и во двете земји, поголем дел од младите сметаат дека критериумите за вработување треба да бидат според вештините и квалификациите на кандидатот/ката, соодветно на потребите на работната позиција без да се земе во предвид половиот или родовиот аспект.

Учесниците во фокус групите од двете земји, генерално слушнале за термините родова рамноправност и родова еднаквост. Сепак, перцепцијата се заснова на споредбата во напредокот на девојчињата и жените во надминувањето на одредени традиционални улоги и практики кои се врзани со родот, како што се поседувањето на возачка дозвола, раното стапување во брак, родителската улога, економската независност и традиционалната норма во поделбата на домашните обврски, без притоа да се елаборира улогата и свесноста на момчињата и мажите.

Голем интерес за дискусија пројави темата за потребата на родова рамноправност во општеството каде што учесниците истакнаа дека потребно е повеќе да се работи за истата да се постигне нагласувајќи ја потребата од поголема самодовербата кај младите,

„Ние (жените и мажите) ги имаме истите права законски, но ние жените не ги уживаме истите права. Жените честопати се дискриминирани, пример во вработувањето постои поделба на работата или работните позиции - некоја работа се мисли дека е само за мажи, а некои работи дека се само за жени. Или во однос на семејството, мажите ги уживаат повеќето права од жените, жените се најчесто дискриминирани дека се жени и стереотипите дека они треба дома да чистат, да готват, да перат, да чуваат деца,да не одат на работа и сл.“.

Изјава на учесник од Р.С.Македонија

Учесниците од Србија истакнаа дека на младите Ромки им е потребна поддршка во нивната борба за родова рамноправност, а истата највеќе е потребна од нивните семејства. Оттука, се истакнува потребата за континуирана едукација за оваа тема кај младата популација и вклучување на возрасните во овие дискусии. Позитивно е тоа што постои свест кај младите дека промената во оваа насока треба да започне на индивидуално ниво за да има промени во општеството.

# Препораки

### Учество и вклученост на младите Роми

- Едукација на младите на темите дискриминација, антициганизам и родова еднаквост помеѓу жените и мажите преку формирање на група на млади едукатори кои понатаму ќе го продолжат кругот на едукација на засегнати страни и групи од различни етнички заедници и возраст;
- Спроведување активности со млади Роми кои ќе поттикнат самодоверба, критичко размислување, справување во конфликтни ситуации и младинско учество;
- Да се земат во предвид искуствата на младите и да се собираат десегрегирани податоци за говорот на омраза и злосторствата од омраза извршени со антиромски мотиви, вклучително и меѓу секторски податоци, за да се овозможи анализа на трендовите и превенција од дискриминација, антициганизам и родова нерамноправност;
- Вклучување и учество на млади Роми во младински тела на локално и национално ниво, со цел иницирање на расправи поврзани со нивната перспектива за родова (не)еднаквост, дискриминација и антициганизам.

### Препознавање на дискриминација, искуства, дискриминаторски практики и нивна превенција

- Поголема информираност од страна на КСЗД кај ромската заедница за нивното работење, како и едукација за начините на остварување на нивните права и постоечките механизми за пријавување на случаеви на дискриминација;
- Соработка на КСЗД и граѓанскиот сектор во промоција на човекови права и закони за заштита на човекови права;

## Антициганизам

- Да се операционализира дефиницијата на антициганизам на сите нивоа на јавните институции, со цел препознавање, превенција и санкционирање;
- Едукација за концептот на антициганизам на државните и јавните службеници, наставниците, судството, социјалните работници и други службеници кои работат со деца и млади со цел негово препознавање и надминување;
- Промена и унапредување на законска регулатива во насока на препознавање на антициганизмот како кривичо дело;
- Издвојување на буџет за кампањи за подигнување на свеста за последиците од антициганизмот, негово препознавање и надминување.

## Родова еднаквост

- Дополнителна едукација за родова еднаквост помеѓу жените и мажите, кај младите и нивните семејства, со цел надминување на „традиционални" родови стереотипни практики;
- Поддршка на активности во училиштата за промовирање на родова рамноправност помеѓу мажите и жените како и превенција од родово базирано насилство и нееднаков третман помеѓу мажите и жените;
- Едукација на младите за родова терминологија преку подготовка на прирачник со дефиниции со цел информирање за суштината на родовата (не)рамноправност.

# Заклучок

## Учество и вклученост на младите Роми

Иако поголем дел од младите учесници на фокус групите се изјасниле дека не членуваат во некоја организирана форма или група која ги застапува младите, сепак покажуваат проактивност во следење на нивната работа. Притоа посочуваат на потребата од поголема видливост, транспарентност и отвореност на младинските организации, совети, клубови, сојузи и политички партии. Пасивноста и не-активизмот на младите за самоиницијативност, истражување и вклучување во овие форми на организирање го оправдуваат со недостигот на младинска организација и финансиска мотивација за нивно вклучување, како и недоволната активност и одржливост на овие организирани форми. Значајно е да се истакне дека  младите кои учествуваат или се вклучени во организирани форми или групи кои ги застапуваат младите, покажуваат поголема проактивност и знаење за темите кои беа дискутирани во фокус групите како што се антициганизам и дискриминација, родова еднаквост и младинско учество.

## Антициганизам и дискриминација

Од изнесените ставови на учесниците во фокус групите се забележува дека младите не го познаваат терминот антициганизам, а оние кои се обидоа да дадат дефиниција за концептот на антициганизам го поистоветуваат со предрасуди, стереотипи и дискриминација кон ромската заедница. Ова јасно ја истакнува потребата од едукација за концептот  на антициганизам во образовниот процес, но и утврдување на разликите помеѓу двата термина како што се дискриминација и антициганизам. Преку низа примерите кои ги истакнуваат учесниците во фокус групите во двете земји, може да се забележат искуства на дискриминација најчесто во образовниот процес каде што ги истакнуваат личните перцепциите на соучениците и наставниот кадар. Дополнително во дискусиите преовладуваат и примерите на дискриминаторски практики во здравствениот систем и профилирањето при вработување. Иако повеќе од половина од учесниците на фокус групите не знаат што претставува антициганизам, сепак укажуваат на потребата од едукација и законска регулатива поврзана со истиот, а која сметаат во иднина ќе претставува гаранција за заштита на нивните права. Во овој контекст младите укажуваат дека знаат како да препознаат дискриминација и се свесни за

начинот на кој може да се пријави, а позитивните примери преку кои се докажува истата, кај нив претставува охрабрување да пријават кај надлежните институции, иако постојат  млади кои немаат доверба во ефикасноста на институциите во искоренување на дискриминацијата од општеството заради постоењето на законска регулатива која не се применува во пракса. Исто така посочуваат на примери од други држави, како примерот на Шпанија во кој антициганизмот е влезен во законската регулатива поради иницијативата на пратеник од ромска етничка припадност со што посочуваат на потребата од учество на Ромите во креирањето на политиките и законската регулатива во државите.

## Родова рамноправност

Младите учесници во фокус групите во Србија и Северна Македонија укажуваат на биолошките разлики и физичката подготвеност, но и разлики кои се наметнати од општеството околу карактеристиките на мажите и жените во поделбата на домашните обврски и одлуките за нивно кариерно насочување. Во овие одговори можат да се забележат вредностите наметнати од семејствата кои се темелат на патријархално воспитување, но и отстапки од традиционалните перцепции на учесниците за родовите права во кој некои од учесниците наведуваат дека за разлика од минатото, во сегашноста, жените имаат „повеќе права“. Дополнително младите од Србија отвараат една тема која е помалку дискутирана во балканското поднебје, а уште помалку во ромската заедница. Тие ја посочуваат разликата во правата помеѓу мажите и жените при поделба на имотот кој најчесто му припаѓа на машкото дете. Загрижува фактот што дел од младите никогаш не слушнале или не се запознаени со институциите и нивната поставеност за заштита на рамноправноста, но влева надеж ставот на поголем дел од младите дека родовата рамноправност е нужна за напредок на ромската заедница. Дополнителен аспект за кој е потребна поголема отвореност за комуникација и едукација меѓу младите Роми и нивните семејства е улогата на жената во семејството и учеството и поддршката од мажот во родителството како значајни фактори во родовата рамноправност.

# Користена литература


- Извештај за перцепциите и ставовите на младите роми во однос на родова (не)еднаквост, дискриминација и антициганизам, РАЖМ „Лулуди“. Достапно на: https://shorturl.at/yFJV9
- Доверба за еднакви права, еднаквост во пракса, спроведување на законите за еднаквост на Србија, Лондон, 2019 година. Достапно на: https://bit.ly/3TJYB3i
- Доверба за еднакви права. Национални закони за антидискриминација на Србија. Достапно на: https://bit.ly/3RHm1U9
- Европска комисија, Извештај за напредокот на Србија 2020 година. Достапно на: https://bit.ly/3vjZ6qz
- Законот за родова еднаквост има 77 членови односно 20 членови повеќе од претходниот Закон за еднаквост меѓу половите
- Извештај на Европската комисија против расизмот и нетоleranција за Србија (петти циклус на мониторинг), 2017 година. Преземено на 14 јуни 2017 година од. Достапно на: https://bit.ly/3TEusCb
- Национален акциски план за антициганизам. Достапно на: https://bit.ly/47gzqZg
- Национални акциски планови за Роми. Достапно на: https://bit.ly/3NLnjMV
- Службен весник на РС, бр. 121/12.
- Службен весник на РС, бр. 22/09. Достапно на: https://bit.ly/48d7QNz
- Службен весник на РС, бр. 52/2021. Достапно на: https://bit.ly/41MNusk
- Службен весник на РС, бр. 72/09, 20/14 и 55/14. Достапно на: https://bit.ly/3NKvWHp
- Службен Весник на РСМ бр. 6. Закон за еднакви можности на жените и мажите. Достапно на: https://bit.ly/4aFlUBm
- Службен весник на РСМ, бр. 258. Закон за заштита од дискриминација. Достапно на: https://bit.ly/3tpIAos
- Службен весник на СР Југославија, бр. 11/02, „Службен весник на Србија и Црна Гора“, бр. 1/03; Службен весник на РС, бр. 72/09 и 97/13. Достапно на: https://bit.ly/41CzSQj
- Службен весник РС, бр. 30/18. Достапно на: https://bit.ly/47j0VkX
- Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030. Достапно на: https://bit.ly/3TPdEsa
- Стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот. Достапно на: https://bit.ly/3REK9H8
- Стратегија за Ромите во Република Македонија 2005-2015. https://bit.ly/41Ne6t5
- Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020. https://bit.ly/3RG6rrR

**Ромска асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ”**
**www.luludi.mk**

Ромска асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ” е основана во 2001 година во Скопје, како одговор на потребата од промени и поддршка за предизвиците со кои се соочуваат жените и младите Роми во Македонија. Се стреми да постигне родова еднаквост и заштита на правата на жените со фокус на жените Ромки, подобрување на статусот на жените Ромки во општеството и семејството, како и подигнување на нивото на образование на младата ромска популација преку интензивна соработка со други невладини организации и институции во Република Северна Македонија.
РАЖМ „Лулуди“ е препознатлива невладина организација во својата заедница, како и на национално и меѓународно ниво. Признанието се должи на успешната имплементација на повеќе проекти и иницијативи во различни области, како: човекови права, пристап до правда, здравствена заштита, семејно насилство, избори, избирачки права, промовирање учество и активизам на младите Роми на локално ниво, женски права и промовирање на еднаквост, спроведување едукативни работилници, обуки и кампањи за подигање на свеста за спречување на семејното и родово базирано насилство, едукација на млади и превенција на трговија со деца и девојчиња, промовирање родова еднаквост помеѓу жените и мажите, активна политичка вклученост и едукација, економско зајакнување на жените и младите девојки Ромки, спроведување теренска работа, истражувања, следење, известување и застапување на меѓународни конвенции и локални политики.

**Здружение на жени Ромки „ОСВИТ“**
**https://osvit.rs/**

Здружение на жени Ромки „ОСВИТ“ е непрофитна, невладина организација регистрирана во 2005 година, во регистарот на здруженија, општествени и политички организации при Министерството за човекови и малцински права, а од 2011 година е регистрирана во деловниот регистар АПР. Здружението на жени Ромки „ОСВИТ“ го сочинуваат жени граѓанки со образовно потекло кое се движи од четврти до седми степен на стручност, со долгогодишно искуство во ромскиот активизам. Со гордост има активен статус на членство во неколку влијателни мрежи, како „Жените против насилство“, „1325 - Жени, мир, безбедност“, Европската женска лоби мрежа, Балканска мрежа на жени Ромки, Мрежа за промовирање правата на децата со попреченост во Србија, Мрежата на организации за деца во Србија (MODS) и Меѓународната мрежа за чување на децата безбедни. Активно соработуваат со различни институции, врз основа на потпишаните Протоколи за соработка и активно придонесуваат во работата на различни работни групи посветени на развивање национални и локални стратегии и документи насочени кон подобрување на положбата на Ромите и жените со историја на насилство. .
Во изминатите 18 години, Освит постојано нуди СОС телефонска услуга на ромски и на српски јазик за поддршка на жените кои доживеале насилство. Имено, Освит е пионер на првата СОС телефонска услуга на ромски јазик во Европа.